АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

MEMBER OF FIA

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА АВТО НАТПРЕВАР НА КРУЖНИ ПАТЕКИ




**СЕРЕС**

**09/10.12.2023**

# Програма на натпреварот
## SERRES-2023

| Дата | Час | |
|---|---|---|
| ***ПОНЕДЕЛНИК*** | | |
| 05.12.2023г. | до 23:59 | Краен рок за поднесување на пријави |
| ***ПЕТОК*** | | |
| 08.12.2023г. | од 12:00 до 17:00 | Технички преглед и верификација |

**САБОТА:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хонда куп | од 08:00 до 11:00 | од 08:00 до 10:00 | Вонреден Технички и Верификација |
| Хонда куп | од 12:00 до 12:45 | од 10:15 до 10:30 | Прва седмица на Жири |
| Хонда куп | од 13:30 до 14:30 | од 11:00 до 11:15 | Слободен тренинг **Twingo cup** |
| Хонда куп | од 15:15 до 17:00 | од 11:15 до 11:30 | Слободен тренининг **1600,2000 +2000 куб**. |
| | | од 11:45 до 12:00 | Втора седница на Жири |
| | | од 12:10 до 12:20 | Брифинг со возачи |
| | | од 12:45 до 13:05 | Официјален тренинг **Twingo Cup** |
| | | од 13:10 до 13:30 | Официјален тренинг **1600, 2000 + 2000 куб.** |
| | | од 13:45 до 13:50 | Трета седница на Жири |
| | | од 14:30 до 14:50 | Старт на Прва трка **Twingo cup** |
| | | од 14:55 до 15:15 | Старт на Прва трка **1600, 2000 + 2000 куб.** |

**НЕДЕЛА:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Хонда куп | од 08:00 д0 09:00 | Од 09:00 до 09:15 | Слободен тренинг **Twingo cup** |
| Хонда куп | од 10:00 до 11:30 | од 09:15 до 09:35 | Слободен тренинг **1600, 2000 + 2000 куб.** |
| Хонда куп | од 13:20 до 14:20 | од 10:30 до 10:55 | Официјален тренинг **Twingo cup** |
| Хонда куп | од 16:20 до 18:30 | од 11.00 до 11:20 | Официјален тренинг **1600, 2000 + 2000 куб.** |
| | | од 11:20 до 11:30 | Четврта седница на Жири |
| | | од 11:45 до 12:00 | Свечано отварање на натпреварот |
| | | од 12:30 до 12:50 | Старт на Втора трка **Twingo cup** |
| | | од 13:00 до 13:20 | Старт на Втора трка **1600, 2000 + 2000 куб.** |
| | | од 14:30 | Свечано доделување на награди |

**ОПшТИ ОДРЕДБИ :**

Натпреварот е организиран во склоп на одредбите на меЃународниот спортски правилник (МСП) на ФИА, спортскиот правилник на АФСМ и неговиот додаток правилник за авто трки на кружни патеки и посебниот правилник на организаторот, со кои се опфатени одредени исклучоци во однос на споменатите правилници.

Со пријавата за натпреварот доставува и уплатница за котизацујата, пилотот се задолжува да ги почитува сите горе наведени прописи и одлуки на раководството на натпреварот и судиите, кој не се предвидени во опШтиот правилник на АФСМ, ФИА и МСП.

За сите натпреварувачи или здруженија, кои организираат или го попречуваат натпреварот и ги прекрШуваат правилата и прописите, Ќе се превземат санкции од страна на жирито и директорот на натпреварот.

Трката се бодува за Државното првенство на Република Северна Македонија во автомобилизам на кружни патеки.

**ПАТЕКА :**

Патеката е со асфалтна подлога во должина од 2.050 метри и минимална Ширина од 8,0 метри .

Патеката е со правци, кривини, лактови и дозволува постигнување на поголеми брзини.

Патеката е лиценцирана од страна на комисијата за лиценцирање патеки на спортската комисија на АФСМ.

За време на неслужбениот и службениот тренинг, како и за време на натпреварот, патеката Ќе биде затворена од страна на овластено лице на патекта.

Вон овие предвидени затворања на патеката, натпреварувачите кои Ќе бидат запрени од страна на на овластените лица на патекате, Ќе бидат вратени и дисциплински казнети.

Скица на патеката е дадена во прилог.

**КЛАСИ И ГРУПИ:**

Учеството е дозволено на сите возила кои се по прописите на распиШаните класи и групи од страна на АКК РЕНО СПОРТ.

**ДЕВИЗИЈА 1 TWINGO CUP**
**ДЕВИЗИЈА 2 1600, 2000 + 2000 ццм**

**ОПРЕМА ЗА ВОЗИЛАТА :**

Сигурносната опрема на возилата, мора да биде во согласност со правилникот на АФСМ и додатокот **„Ј„** на ФИА.

Секое возило кое не ја задоволува потребната сигурносна опрема, нема да биде примено на натпреварот.

Употребата на гориво е по слободен избор.

**СИГУРНОСНА ОПРЕМА НА ВОЗАЧИТЕ :**

За време на тренинзите и трката, за возачите задолжителна е употреба на сигурносни појаси, поткапа и кацига и ханс, комбинезон, вклучувајЌи патики и ракавици.

**УСЛОВИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ И ВОЗАЧИТЕ :**

Секое физичко или правно лице, кое има натпреварувачка лиценца со важност за 2023 година, ги исполнува условите за учество на натпреварот.

Возачите мораат да имаат лична возачка дозвола и натпреварувачка лиценца за тековната година.

Натпреварувачи и возачи од странство, мораат да имаат писмено одобрение за учество, од страна на матичниот АСН кој ја издал лиценцата.

**ПРИЈАВА :**

Целосно пополнетата пријава, треба да се испрати на адреса: **https://pitlane.tv/serres/** Бројот на учесници по класа не е лимитиран.

По заклучување на пријавите, не е можна промена на возач за пријавено возило.

Пријава за двоен старт (1 возач - 2 возила или 1 возило - 2 возачи) не е дозволен.

Одјави се примаат во писмена форма на верификација, најдоцна на прва седница на жири комисија, со образложение за неучество, заверена и потпиШана од АК/АКК.

**КОТИЗАЦИЈА:**

Котизација во износ од **250,00 евра** за двата натпревари, секој натпреварувач ја плаЌа на денот кога се врш И техни;ки преглед И верификација.

Котизацијата Ќе биде вратена единствено ако натпреварот не се одржи од причина на виШа сила.

**ОДГОВОРНОСТ :**

Секој учесник вози на своја лична одговорност.

Организаторот се ограничува од секаква одговорност за посебни Штети или повреди на натпреварувачот, возачот и трети лица.

Секој натпреварувач, возач е одговорен за својата безбедност. Секој возач мора да е осигуран за случај на инвалидност, со премија најмалку **100.000,00** денари или смрт со премија од најмалку **50.000,00** денари.

Во согласност со прописите, организаторот мора да има осигурување:

-осигурување против трети лица,

-осигурување на сите службени лица.

Осигурувањето (против трети лица и за службени лица) на организаторот, важи за цело време на натпреварот т.е. на тренинзите и трката.

**ДОЛЖНОСТ НА УЧЕСНИЦИТЕ :**

**СТАРТНИ БРОЕВИ:**

Стартните броеви ги обезбедува самиот натпреварувач.

Секој возач кој нема стартен број, должен е сам да го обезбеди во димензии и боја по правилникот на АФСМ.

Возилата со непрописни броеви нема да стартуваат на натпреварот.

По заврШување на натпреварот, пред напуШтање на Парк-ферме или боксот, стартните броеви на возилото кое вози во јавен сообраЌај, треба да бидат отст

**ОГЛАСУВАЊЕ РЕКЛАМИ :**

**На возилата е потребно да се предвиди простор за поставување реклами на организаторот, предвиден со правилникот на АФСМ.**

**ЗНАМИЊА - СИГНАЛИ, ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ПАТЕКАТА:**

За време на тренинзите и трката, се употребуваат следните сигнали:

- **ЦРВЕНО ЗНАМЕ моментално сопирање, прекин на трката**
- **ЖОЛТО ЗНАМЕ апсолутна опасност, забрането претекнување**
- **БЕЛО ЗНАМЕ службено возило на патеката**
- **ЖОЛТО ЗНАМЕ СО ЦРВЕНИ ЛИНИИ лизгава поврШина**
- **ПЛАВО ЗНАМЕ престигнување за цел круг од побрзо возило**
- **ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ престанок на опасноста**
- **ЦРНО-БЕЛО ЗНАМЕ крај на трката**
- **ЗНАМЕ ВО МИРУВАЊЕ известување за опасност**
- **ЗНАМЕ СО ДВИЖЕЊЕ непосредна опасност, спремен за сопирање**

СТРОГО е забрането да се вози споро по патеката или во спротивен смер од одвивање на трката.

Во колку пилотот мора да го прекине возењето поради механички дефект, мора своето возило да го помести од патеката и напуШти, при Што Ќе ги почитува упатствата на судијата и редарот.

**ВЕРИФИКАЦИЈА И ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ;**

Верификација на документите се врШи на ден **08.12.2023 од 12:00 до 17:00** на паркингот на автодромот СЕРЕС.

Учесниците - пилоти, на верификацијата мораат да се јават лично.

На верификацијата треба да се достават следните документи:

- натпреварувачка лиценца на пилотот;
- возачка дозвола;
- лекарско уверение;
- техничка книШка за возилото , хомологација;
- потврда за платена котизација;
- полиса за осигурување

-странски натпреварувач мора да достави писмена дозвола за учество од матичното АСН.

**ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД :**

Техничкиот преглед се одвива на обележано место на ден **08.12.2023 од 12:00 до 17:00 часот.**

Учесниците се должни да го достават своето возило на технички преглед, да се изврШи индентификација на возилото и преглед на сигурносната опрема.

На барање на техничката комисија, треба да се приложи и хомологација за возилото, како полесно би се изврШил техничкиот преглед.

Учесниците кои Ќе доцнат на техничкиот преглед, Ќе бидат казнети или исклучени од натпреварот, согласно правилникот. Жирито Ќе дозволи изведување на техничкиот преглед, само ако пилотот докаже дека доцнењето настанало од виШа сила.

ИзврШениот технички преглед е потврда, дека возилото е во согласност со предвидените прописи за сигурност.

По заврШениот технички преглед од страна на организаторот, се објавува и истакнува стартната листа на учесници, кои Ќе настапат на тренингот.

По изврШен технички преглед , возилото останува во Парк ферме до почетокот на тренинзите и трката.

**СИГУРНОСНО ВОЗИЛО, РЕДОСЛЕД НА ПРОГРАМАТА ;**

Сигурносно возило **– SAFETY CAR :**

На трката се употребува сигурносно возило, во согласност со правилата за трки на кружни патеки.

**СТАРТ, ЦЕЛ, МЕРЕЊЕ ВРЕМЕ :**

Стартот е од место со запален мотор, се стартува со гасење на црвените светла на семафорот.

Целта е летечка. Трката е заврШена кога финиШерот Ќе даде знак со знаме (црно бела Шаховница). Непосредно потоа, пилотот мора да ја намали брзината и по затварање на кругот да го остави возилото во Парк ферме.

**Пласман на трката Ќе земат сите натпреварувачи кои извозиле најмалку 75% од круговите на победникот.**

**Победникот мора да има извозено најмалку 75% од трката.**

По заврШување на вториот тренингот и трката, се оди во Парк-ферме.

Мерењето на времето го врШи ХРОНО екипата на автодромот СЕРЕС.

**ТРЕНИНГ :**

Строго е забрането тренирање со возилото надвор од сатницата предвидена за тренинг.

Тренинзите Ќе се одвиваат со сатница од поглавје и

На тренинзите Ќе настапуваат само возилата кои направиле верификација и технички преглед.

Услов за настап на трката е редоследот од квалификацијата на официјалниот тренинг,кој исполнил 130% од најдоброто време во класата.

За посебни примедби одлучува жирито.

**ТРКА :**

Трката почнува во согласност со сатницата од програмата.Број на кругови на трката

**- Девизија 1 20 минути TWINGO CUP**

**- Дивизија 2 20 минути 1600,2000 +2000 куб**.

**ПОМОш :**

Неодобрена помоШ на патеката може да уследи исклучување

Возилата останати оШтетени на патеката Ќе се остранат по налог на директорот на трката.

**<u>ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ</u> :**

ЗАТВОРЕН ПАРКИНГ - **PARC FERME:**

На крајот од трката важат правилата за парк ферме ( од целната линија до влезот во парк ферме).

По заврШување на трката, сите пласирани возила , мораат да останат во парк ферме, се додека директорот на трката со одобрение на жирито не го распуШти.

Парк ферме - то нема да биде распуШтено, најмалку до истекувањ на времето за протести.

Парк ферме Ќе биде на паркингот кај боксот,

**<u>КОНЕЧЕН ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД</u> :**

Секое возило на крајот од трката, може да биде прегледано на верификацијата и техничкиот делегат.

**<u>НАГРАДИ</u> :**

Свеченото доделување награди и пехари, Ќе се изврШи по крајот на натпреварот на посебно предвиден простор.

Пилотите уредно закопчани мора лично да ја примат наградата,во спротивно следи казна по посебниот правилник на АФСМ за кружни натпревари,

Овој Правиник е усвоен и одобрен од страна на комисијата за кружни натпревари на Управниот Одбор на АФСМ, која единствено има право на негово толкување.

Скопје, 14.12.2023

АКК РЕНО СПОРТ СКОПЈЕ
Претседател
Тодор Димовски

АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател за Спорт
Ранко Станојковски